Врз основа на член 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52 од 16.04.2010 год.) и член 18 од Статутот на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“, Собранието на својата седницата одржана на 10.07.2023 година го донесе следниот:

# С Т А Т У Т
## (Пречистен текст)

## на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.6 – REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT – ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.6

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“од Скопје е формирано со слободно здружување на граѓаните со мисија да информира и промовира решенија за негативните влијанија врз животната средина во Република Македонија.

**Член 2**

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“, како здружение, своите цели и задачи ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија и со овој Статут, како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

**Член 3**

Називот на здружението е: Здружение „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ од Скопје. Називот на здружението на англиски јазик е Center for environmental research and information „Eko-svest”. Краткиот назив на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ е „Еко-свест“.

**Член 4**

Седиштето на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“е на ул. Св. Кирил и Методиј бр.30/1-6, 1000 Скопје.

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“се организира и дејствува на територијата на Република Македонија и на меѓународно ниво.

**Член 5**

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест" од Скопје е правно лице.

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина - Еко-свест" има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Здружение „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест" од Скопје, а во средината се наоѓа амблемот на „Еко-свест" од Скопје.

Штембилот на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест" од Скопје е правоаголен со следниот текст: Здружение „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест" од Скопје, број, датум и место.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИНОТ ЗА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

**Член 6**

Мисијата на Еко-свест е да истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и навиките за одржливо живеење и заштита на животната средина.

Еко-свест поддржува и поттикнува граѓанска свесност и активно учество и промовира практични решенија во соработка со организации и институции.

Посебни цели и задачи на „Еко-свест" се:

- Информирање за потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и луѓето;
- Промовирање на решенија за здрави и одржливи пракси и политики во областа на заштита на животната средина и застапување на истите во процесите на креирање политики;
- Истражувања и анализи во област на заштитата на животната средина и човековото здравје;
- Промовирање и застапување за учество на јавноста во процесите на донесување одлуки во област на животната средина и поддршка на заедниците за остварување на ова право;
- Информирање и едуцирање на јавноста за можните негативни влијанија и начините за спречување и избегнување на истите врз животната средина и човековото здравје особено кај жените, децата и старите лица;
- Формирање и водење на коалиции и други тела составени од организации, експерти и институции со цел заедничко застапување за заштита на животната средина;
- Активно учество во постапките на измена и донесување на законски акти во област на заштита на животната средина;
- Спроведување на посебни активности во областите на:
    - заштита на климата
    - заштита на природата
    - Заштита на медиумите на животната средина (воздух, води, почва)
    - одржлив развој на локалните заедници
    - одржлив транспорт
    - одржливи и паметни решенија за енергетскиот систем
    - одржливо управување со отпадот
    - иновации во заштитата на животната средина
    - паметно просторно планирање
    - поддршка на заедниците и активно граѓанство.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 7

Член на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко- свест“може да биде секој граѓанин државјанин на Република Македонија или државјанин на друга држава, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението, обврзувајќи се да ги застапува и брани интересите и целите на здружението, и да го познава и да работи во согласност со статутот на истото.

Зачленувањето во „Еко-свест“ се врши со пристапница која при исклучување или престанок на членување во здружението, задолжително се враќа.

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“за своите членови води регистар на членството, кој се ажурира еднаш годишно.

Сите членови на Здружението меѓу себе и пред управувачките структури се рамноправни.

Секој член е должен да го почитува и да постапува согласно Кодексот на однесување на здружението и усвоените внатрешни акти.

### Член 8

Секој член има право на еден глас на ниво на Собрание и да биде избиран во органите на здружението. Тој учествува во работата на здружението и придонесува за развојот наистото.

Секој член може доброволно да истапи од Здружението. Притоа е обврзан со самото истапување, во договор со преостанатото членство да ги регулира своите обврски кон Здружението и да го предаде целокупниот имот и документацијата во сопственост на Здружението, кои дотогаш ги употребувал. Во спротивно, спорот се регулира по судски пат.

### Член 9

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“со овој статут одредува и постоење на граѓани- поддржувачи и симпатизери на работата на истото. Граѓаните поддржувачи можат преку волонтерска, материјална, советодавна и друга помош и поддршка да се вклучат во работата на здружението и со тоа да придонесувааат кон неговиот развој и работа.

### Член 10

Исклучување на член од Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ се остварува во следните случаи:

- Доколку членот го прекршува статутот, внатрешни акти и Кодексот на однесување на Здружението;
- врши активности кои штетно влијаат на Здружението;
- доколку неговите активности не се во согласност со активностите на Здружението.

Престанување на членството во Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ настанува во следните случаи:

- доколку самиот побара;
- доколку е исклучен.

Предлог за исклучување на некој член се доставува до Управниот одбор на Здружението од кој било друг член со образложение за исклучувањето. Управниот одбор е должен да го разгледа барањето и да даде препорака на Собранието за понатамошниот статус на членот кој бил предложен за исклучување.

**Член 11**

Обврски на членовите на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ се:

- редовно да плаќаат членарина;
- да присуствуваат на состаноците на Собранието;
- да земаат конкретно учество во спроведувањето на програмата и на активностите на Здружението;
- доследно да ги извршуваат обврските кои самите ги презеле;
- да соработуваат и да одржуваат контакти со преостанатото членство.

## ЗАСТАПНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 12**

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“од Скопје го застапува извршниот директор на Здружението.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 13**

Работата на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, другите здруженија/НВО и пошироката јавност за работењето и за активностите на „Еко-свест“. За информирање на членовите и на пошироката јавност се користат печатените и електронските медиуми.

Активностите и резултатите од работата на Здружението се достапни за пошироката јавност на Р. Македонија и пошироко.

Финансиското раководење на Здружението, како и деталите околу водењето на истото и проектите за него се достапни за овластените институции во и надвор од државата.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА- ЕКО-СВЕСТ“

**Член 14**

„Еко-свест“ остварува средства од:

- членарини
- донации;
- буџетот на РМ, буџетот на ЕЛС и Град Скопје;
- провизии од органи, организации;
- спонзорства од трговски друштва;

- подароци;
- приходи од добивки од трговски друштва што здружението ги основало со свои средства или други извори;
- и од други услуги (имотни права и слично).

**Член 15**

Користење и располагање со средствата на Здружението, добиени по основите од претходниот член се врши на следниот начин:

- Извршниот директор на Центарот ги одобрува сите потребни финансиски трансакции со печат и со потпис;
- Извршниот директор на Центарот е овластено лице за работа со банковната сметка/и на Еко- свест.

Управниот одбор во координација со извршниот директор на Центарот подготвуваат годишен финансиски план кој се усвојува на седница на Собранието.

**Член 16**

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест"од Скопје донесува годишен финансиски план за приходите и за расходите на Здружението на седница на Собранието на Еко-свест.

Финансискиот план ги содржи приходите што се стекнуваат по член 14 од Статутот, како и расходите по основ програми, тековни и очекувани проекти, трошоци за општествената активност, плати на вработените и материјални трошоци за работа на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест".

## УПРАВУВАЊЕ СО ЗДРУЖЕНИЕТО „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА- ЕКО-СВЕСТ"

**Член 17**

Со Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест" од Скопје управуваат органите на здружението:

1. Собрание
2. Управен одбор
3. Претседател
4. Извршен директор

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА- ЕКО-СВЕСТ"

### СОБРАНИЕ

**Член 18**

Собранието е највисок орган на Здружението и е составено од целокупното членство на Здружението. Собранието:

- се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно;

- донесените одлуки се спроведуваат од Управниот одбор и од другите членови;
- според член 24 од Законот за здруженија и фондации на Република Македонија, седници на Собранието свикува Претседателот на Собранието. Седници на Собранието се свикуваат и по предлог на Управниот одбор на Здружението или на 2/5 од вкупниот број членови наСобранието. Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите;
- Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број претставници. Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните претставници;
- гласањето на Собранието е јавно и секој член има право на еден глас.

**Член 19**

Во надлежност на Собранието е следното:
- го донесува статутот на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест" од Скопје и врши измени и дополнувања на истиот;
- избира и разрешува Претседател на Здружението со двотретинско мнозинство;
- избира и разрешува членови на Управниот одбор (и на други органи кои Здружението на граѓани смета дека треба да ги формира) со просто мнозинство;
- го усвојува Стратешкиот план на Здружението;
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две Собранија;
- ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението на граѓани помеѓу две Собранија;
- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- решава за формирање ограноци/ подружници на Здружението;
- одлучува за здружување или за разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и во меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство;
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на здружението;
- врши други работи кои се во согласност со Статутот и со општите акти на Здружението на граѓани.

## УПРАВЕН ОДБОР

**Член 20**

Управниот одбор е раководен орган на Еко-свест во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и за развојот на Здружението, во согласно со Статутот.

Претседателот на Центарот е автоматски член на Управниот одбор и претседавач на седниците на Управниот одбор.

**Член 21**

Во надлежност на Управниот одбор е следното:
- назначува и разрешува извршен директор на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест" ги разгледува, донесува и следи

политиките, статутарните и програмските задачи на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ како и одлуките и заклучоците на Собранието;

- Врши надзор и има советодавна улога во управувањето со здружението
- донесува годишна програма за работа по предлог на Извршниот директор;
- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Здружението;
- предлага измени и дополнувања на Статутот;
- донесува соодветни правилници за работа;
- свикува седници на Собранието и подготвува информации и материјали за седницата на Собранието;
- формира, именува и разрешува стручни тела и служби на здружението на граѓани и донесува одлуки и правилници за нивната работа;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и за оттуѓување на основните средства;
- донесува одлуки по приговори и жалби;
- донесува одлуки за формирање постојани и привремени комисии, и ја насочува нивната работа;
- дава согласност на Правилникот за организација на работите и работните задачи на персоналот на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“;
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на здружението на граѓани и од Законот.

**Член 22**

Управниот одбор на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ брои 5 (пет) членови. Одлуките се донесуваат со двотретинско мнозинство. За донесување одлука се обврзани да гласаат сите членови на Управниот одбор. Доколку на седница на Управниот одбор не се донесе одлука, прашањето се предава на решавање од страна на Собранието.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 3 (три) години.

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

**Член 23**

Управниот одбор се состанува и одржува седници по потреба. Седницата на Управниот одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување на седница на Управен одбор може да поднесе една третина од Управниот одбор, мнозинството од претставниците на Собранието.

Со седниците на Управниот одбор заседава Претседателот, а во негово отсуство друг член на Управниот одбор.

Начинот на свикување седница и работењето на Управниот одбор се уредува со Деловник за работа.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Член 24**

Улогата на Претседателот на „Еко-свест“ е почесна. Обврски и права на Претседателот на Центарот за истражување и информирање за животна средина „Еко-свест“ се:

- да го претставува Центарот за истражување и информирање за животна средина „Еко-свест“.
- да заседава со седниците на Управниот одбор.
- да го известува Собранието за своите активности преку годишен извештај.

**Член 25**

Претседателот има мандат од 3 (три) години. Услови под кои се менува Претседателот се:

- ако не ги почитува одредбите од овој Статут и одредбите дефинирани во Законот на Р. Македонија;
- ако со својата работа директно му нанесува штета на Здружението или го злоупотребува истото за сопствени цели;
- ако не ги штити интересите на Здружението.

## ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

**Член 26**

Обврски и права на извршниот директор на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ се:

- го застапува Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко- свест“
- раководи со Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко- свест“ и донесува одлуки за персоналот, активностите, надворешните соработници, договорите за работа, проектите и извештаите, и дава предлози за приоритетите и насоките во работата
- го спроведува Стратешкиот план на Здружението;
- ги организира седниците на Собранието;
- ги организира седниците на Управниот одбор;
- ја надгледува работата на персоналот и врши негова евалуација;
- ги одобрува сите финансиски трансакции и го организира финансиското работење;
- склучува договори и одобрува поднесување на предлог проекти и извештаи до донаторите;
- поднесува извештаи за својата работа до Управниот Одбор;
- ги штити и застапува интересите на Здружението во согласност со овој Статут и со Законот за здруженија на Р. Македонија, и
- работи сѐ друго според одлуките на Собранието и Управниот Одбор на Еко-свест.

## УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 27**

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“, Извршниот директор во координација со Управниот одбор одобрува ангажирање на персонал и го одредува неговиот начин на работа и ингеренциите.

**Член 28**

Персоналот во Еко-свест не можат да бидат членови на Управниот одбор. Истите можат да бидат координатори на проекти.

**Член 29**

Документите кои се користат од страна на персоналот за извршување на сопствените должности и обврски се чуваат во седиштето на Здружението.

**Член 30**

Средствата за работа на персоналот се одредуваат со Финансиски план секоја година, и тоа: средства за плати, средства за заедничка потрошувачка, средства за материјални трошоци, средства за посебна намена за нормално извршување на функцијата.

**Член 31**

Со персоналот на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ раководи Извршниот директор по насоки од Управниот одбор.

Персоналот одговара пред Извршниот директор и редовно го известува за својата работа.

Работењето на персоналот го надгледува и евалуира извршниот директор на Центарот и за резултатите од евалуацијата го известува Управниот одбор.

## СОВЕТОДАВЕН ОДБОР

**Член 32**

За потребите на работата на „Еко-свест“, Здружението формира Советодавен одбор од најмногу 15 членови.

Советодавниот Одбор го сочинуваат видни експерти од различни области, и има задача да дава стручни совети и мислења за стратешките и оперативните одлуки на организацијата.

Членовите на Советодавниот Одбор не се членови на Еко-свест, и за нивната работа не следува надоместок.. Нивниот мандат трае најмногу 2 години.

Членовите на Советодавниот Одбор ги назначува Управниот Одбор со мнозинско гласање, по предлог на кој било член на Еко-свест. Истата постапка важи во случај на нивно отповикување пред престанок на двегодишниот мандат.

## ПОДРУЖНИЦИ

**Член 33**

За остварување на своите активности и реализирање на своите цели Еко-свест може да отвори свои подружници на територијата на Р. Македонија, со донесување на одлука.

Во одлуката за основање на подружница се дефинираат детално одредбите за секоја поединечна подружница вклучувајќи назив, адреса, цел, овластувања, шифра, овластено лице и начинот на работа на истата.

## ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ

**Член 33А**

Како примарна претежна дејност на работење на Здружението е:

- **94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место**

Како секундарна дејност на Здружението е:

- **85.59 - Друго образование неспоманато на друго место**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.6 REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.6

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО “ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА- ЕКО-СВЕСТ“

**Член 34**

Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“ ќе престане со работа ако:

- за тоа одлучат членовите на „Еко-свест“; и
- ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот

Одлука за престанок на Здружението на граѓани донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 35**

По престанок на работата на Здружението, за имотот и за другите права и приходи што останувaат по намирувањето на обврските одлучува Собранието.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

Право на толкување на одредбите на овој статут има Собранието на Здружението „Центар за истражување и информирање за животна средина- Еко-свест“, а помеѓу две Собранија, Управниот одбор на Здружението.Измени и дополнувања на овој статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 37**

Овој статут влегува во сила на денот на донесувањето.

Претседател
на Здружението
„Центар за истражување и информирање за животнасредина- Еко- свест“

---

Проф. Д-р. Стефан Бужаровски